**201101002393**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јули 2011 година.

Бр. 07 - 3116/1
18 јули 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 150/07), во членот 6 алинеја 1 зборот „членови“ се заменува со зборот „член“, а зборовите: „и министерот за правда“ се бришат.

Во алинејата 5 зборот „тројца“ се заменува со зборот „четворица“.

Член 2

Во членот 8 став (5) зборовите: „не можат да бидат избрани“ се заменуваат со зборовите: „не може да биде избран“, а зборовите: „и министерот за правда“ се бришат.

Член 3

Во членот 33 став (4) зборот „членовите“ се заменуваат со зборот „членот“.

Член 4

Постапката за избор на членот на Советот кој го избира Собранието на Република Македонија од редот на универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници, треба да започне во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.